Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на ден 26.01.2024 година донесе

**О д л у к а**

Постапката по предметот со број 12-3930/1 од 09.08.2023година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконито назначување на директор на ЈПКД -------------, **СЕ ЗАПИРА** .

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување поради тоа што во предметниот случај е постапено од страна на друг орган кој е надлежен да постапува од областа, кој при своето надлежно постапување упатил укажување по кое е постапено по што пријавеното лице било разрешено од функцијата директор на ЈПКД ---------- и бил именуван нов директор.

Предметот со број 12-3930/1 од 09.08.2023година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 09.08.2023 година, до ДКСК доставена е пријава заведена под број 12-3930/1 од 09.08.2023 година, со наводи за сомневање за незаконито назначување на директор на ЈПКД ------------- од страна на градоначалникот на општина Росоман и се бара по однос на овој случај да се спроведе вонреден инспекциски надзор во ЈПКД Росоман и општина Росоман.

Во предметната пријава, од страна на подносителот се наведнува дека лицето кое било избрано односно назначено за директор не ги исполнувало условите за директор на наведеното јавно претријатие од причина што во огласот и во законот е наведено дека треба да има 5 години работно искуство со диплома од 240 кредити, а избраниот директор, ----------------------, бил дипломиран на 13.04.2022 година и не било возможно истиот да имал пет години работно искуство по дипломирањето, а исто така лицето треба според закон да поседува сертификат за јазици од сертифицирани издавачи а не сертификат издаден од приватно школо за странски јазици.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара Државниот инспекторат за труд согласно своите законски надлежности, да постапи по горенаведенаите наводи и да спроведе вонреден инспекциски надзор во ЈПКД ------------- и општина ------------, по однос на постапката која била спроведена за избор/назначување на лицето ---------------- за директор на ЈПКД. Исто така побарана е и информација за надлежното постапување на Државниот инспекторат за локална самоуправа и информација од Општината. По барањата доставени се бараните информации со прилог документација и по извршениот увид во истите, констатирано е следново:

- Државниот инспектор за труд од ПО Кавадарци утврдил дека се работи за барање со исти наводи поднесено од познат подносител до Државниот инспектор за труд број --------- од 18.07.2023 година, по

кое било постапено и врз основа на законски утврдените надлежности Државниот инспекторат за труд се произнел дека не е надлежен да врши инспекциски надзор над постапките кои се однесуваат на функционерите, односно лицата кои добиле мандат да извршуваат функција. на претседателски, парламентарни или на локални избори, лицата кои добиле мандат да извршуваат функции во извршната или во судската власт преку избор или именување од Собранието на Република Македонија или од органите на локалната власт, како и други лица кои согласно со закон се избрани или именувани на функција од носителите на законодавната, извршната или судската власт. Поради тоа, Државниот инспектор за труд согласно член 72 став 4 од Законот за инспекциски надзор , барањето за постапување го препратил на Министерството за локална самоуправа , Државен инспекторат за локална самоуправа кои согласно член 69 и 70 од Законот за локална самоуправа, вршеле надзор над примената на наведениот Закон.

- Државниот инспекторат за локална самоуправа постапил по барањето за постапување препратено од Државниот инспектор за труд наведено во допис со нивен број --------- од 18.09.2023 година, кое било примено на 27.09.2023 година, извршил детален увид во документацијата за предметниот случај постапувајќи како надлежен орган за надзор над законитоста на прописите на општината како и постапката на нивно донесување, во смисла на член 3 од Законот за државниот инспекторат за локалната самоуправа, при кој констатирал дека во конкретниот случај бил донесен поединечен акт на Градоначалнокот *на* Општина --------------. Имено, во случајот, се работи за донесена Одлука за избор на директор на ЈПКД „--------------"- ------------- од 20.03.2023 година, во кое биле поминати повеќе од 45 дена во кои евентуално би можело да се донесе решение за запирање на примена на прописот, но проблемот бил решен со усмено укажување до Градоначалникот на општина --------------, така што бил разрешен директорот кој не ги исполнувал условите (--------------------------) и е именуван нов директор согласно Законот. За постапувањето бил известен и подносителот на претставката.

- Општина ------------- известува дека лицето Желимир Трикиќ не е директор на ЈПКД -------------- - - -------------, односно истиот бил разрешен од функцијата Директор на ЈПКД, со Одлука за разрешување од функција директор донесена од страна на градоначалникот, со број -------------- од ден 09.10.2023 година.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во предметниот случај е постапено од страна на друг орган кој е надлежен да постапува од областа, кој при своето надлежно постапување упатил укажување по кое е постапено по што пријавеното лице било разрешено од функцијата директор на ЈПКД -------------- и согласно закон бил именуван нов директор.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до : Подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г,, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk